Приложената фотографска снимка би требало да се сочува; би можело да се стори таа убаво да се репродукува и зголеми во некој наш весник, па така и Бугарите да ја добијат; но приложената снимка, како оригинал, треба да се сочува. Вакви снимки има само неколку, сметајќи ја и приложенава. Ако Вие, господине министре, не би сакале да ја сочувате за себе, тогаш Ве молам да ја сочувате за мене, или да ми ја вратите, кога веќе не ќе Ви треба. Мртвиот Груев го снимил еден австриски офицер од Скопје, кој бил член на спомнатата комисија.[4])

Влад. Љотиќ"[5])

А. Апостолов

# КРАТОВСКО ВО ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

## I

### Увод

Со создавањето на ТМРО, уште во првите наредни години таа влијаеше да се создаваат месни организации во одделни краишта на Македонија. Уште во почетокот на 1894 година во Кратово бил создаден „Револуционерен кружок". Негови основачи биле — Јосиф Даскалов и Пант. Кусев.[1]) За проширување мрежата на Организацијата во Кратовско многу придонела дејноста на Гоце Делчев, кој по тоа време беше учител во Штип. Тогаш многу значаен револуционерен пункт во Кратовско стана Лесновскиот манастир и тоа благодарејќи на неговиот игумен Козма „еден од најпреданите и воодушевени привразаници на Делото".[2]) Оваа прва фаза на организациона активност во Кратовско беше прекратена со познатата „Виничка афера" (1897)

---

[4]. Ова тврдење може да се прими како точно, со оглед на фактот дека убиството станало на територијата која спаѓала во реонот на австриските реформни офицери, па според веќе утврдената практика, на сите увиди на теренот по завршените судири, палење на села од страна на војници и чети и сл. присуствувале и реформните офицери.

[5]. Дипломатски архив при Државниот секретаријат за надворешни работи, Белград, Политичко просветно оделење, Ф-IV, ред. број 175/1907 година. Примено и заведено под ПП 251 од 19-I-1907 година.

На грбот од актот стои следново: „Овај извештај чиновницима Министарства не показивати. Прочитано г. Министру, у акта, „Др МС" Иницијалите „Др МС" се однесуваат на тогашниот шеф на Конзуларното одделение д-р М. Спалајковиќ. Снимката не беше сочувана со извештајов. Не дознавме на чиј албум станала сопственост. Исто така, интересно е зошто чиновниците на Министерството не требало да бидат запознати со содржината на актот, како веќе било традиција со некои други акти од таков карактер.

[1]) Изъ дневника на Н. Пасковъ, ,,Илюстрация Илиндень", година VII, книга 4-5, София, 1935, страна 18.

[2]) К. Кондовъ, Гоце Дѣлчевъ и другаритѣ му. Сборникъ ,,Илиндень" кн. V, София, 1926, страна 143.

која се прошири и во Кратовско, во која пострадаа организационите раководители — Јосиф Даскалов и игуменот Козма.[3])

Во 1900 година револуционерната организација во Кратовско одново се активира под околиското раководство на чело со Стоил Антов, од с. Сакулица (Кратовско), како и Трајче Антов, којшто бил главен учител во Кратово во учебната 1900/901 година.[4]) Повидни раководители во Кратово, во 1903 година биле: Ванчо Шатев (којшто бил и член на Скопскиот окружен комитет на ВМРО)и учителите — Михаил Монев, Тошев и Ананиев.[5]) Од 1903 година во Кратовско веќе имало реонски и околиски чети. Меѓу војводите на овие чети бил познат: Диме Стојанов — Берберчето (родом од Велес) којшто дошол во 1903 г. со чета од Бугарија организирана од „внатрешните" и ги обиколувал селата вршејќи притоа организациона активност.[6])

Во периодот на Илинденското востание (за кој ќе станува збор понатаму) истакнат околиски војвода во Кратовско бил Атанас Бабата, којшто бил „врбуван" во Бугарија од Ѓорче Петров за четник и испратен во Кратовско.[7]) Тој и војводата Јордан Спасов „одиграа голема улога при организирањето на вооружената четничка борба и беа едни од најдобрите борци против врховизмот".[8])

Преку Кратовско водел канал по кој Задграничното претставништво на ВМРО праќало оружје и материјали од Бугарија за Македонија и по него поминувале чети за Македонија и обратно за Бугарија. Тој канал поминувал, главно, преку местата: Ѓуешево (во Бугарија), преку Рамна Нива, с. Костур, Станци, Кркле, Б'з, Дрен'к, Луково и натаму за светиниколскиот реон.[9])

Пред Илинденското востание, населението од овој крај било организирано, но не било доволно вооружено. Тоа, особено во оние села низ кои поминувал „каналот", секогаш било готово да се стави во услуга на Организацијата и на револуционерните чети кои низ него поминувале. За селаните од селото Куново, Ѓорче Петров, во

---

[3]) Во Аферата беше откриен склад на оружје во Лесновскиот манастир, како и постоење ревуционерна организација во Кратово. Јосиф Даскалов и игуменот Козма беа осудени од турската власт на по 101 година и испратени на заточение во Мала Азија, со што Организацијата ја прекрати својата активност во овој крај.

[4]) В. Д. Каранфиловъ другарството ми съ Тодоръ Александровъ, Сборникъ „Илинденъ", книга VI, страна 110.

[5]) А. Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1953, страна 119.

[6]) Движението отсамъ Вардара и борбитѣ съ върховиститѣ спомени на Никола Пушкаров (соопштува Л. Милетичъ), София, 1927, с. 186.

[7]) Спомени на Гьорчо Петровъ, София, 1927, страна 172 (соопштува Л. Милетичъ)

[8]) А. Мартулков, цит. дело, страна 106. Јордан Спасов бил организиран од Гоце Делчев и бил помошник на Атанас Бабата, но водел своја реонска чета. Тој и Јордан Сакулички (од с. Сакулица-Кратовско), како централисти, биле убиени во 1908 година по наредба на Тодор Александров, на тој начин што биле соблечени, врзани за колови и намачкани со мед, та умреле во ужасни маки од оските што се собирале на медот и им ги касале телата.

[9]) По кажувањето на Стојан Јосифов Дамјанов, наречен „Кучка", илинденец, родом од кратовското село Горни Стуб од којшто бил четник и селски војвода од 1900 до 1912 година. (необјавени спомени кај авторот на овој труд).

своите спомени, вели: „Јас таму наидов на прв срдечен прием. Многу селани со жени, деца, девојки излегоа под селото да ја пречекаат четата и секој беше донел, кој што можел, по обичај, леб, сирење, матеница и слично".[10])

„Каналот" поминувал и низ селото Лесново, со спомнатиот веќе Лесновски манастир „кој беше најздравата тврдина на Организацијата во Кратовско, а Поникква (планина кај с. Јамишта — б. м) и каракачанските колиби, беше здрава база на Организацијата".[11])

Оружјето што било наменето за овој реон, на границата го прифаќале јагленари (планинци) и го пренесувале за определените места.[12])

Во 1903 година, во месеците пред Илинденското востание, во Кратовско имало неколку вооружени судрувања меѓу револуционерни чети и турскиот аскер, како и малтретирање и затворање на населението што било во врска со откриено оружје или во врска со судрувањето на четите и војската. Така, уште во м. март, кај с. Бунеш, четата на Сандо Георгиев, составена од 38 четници, водела борба со 50 турски војници. На 23 април 1903 година, кај селото Стубол, четите на Бобе Стојчев и Сандо Георгиев воделе борба со турски аскер. За овие борби соопштува и српскиот конзул од Скопје и вели дека борбата траела 9 часа. Во борбата (на страна на четите) учествувале 20 селани (селска милиција — б.м.) од с. Кундино. Неколку селани биле ранети, а меѓу убиените Турци бил и жандармерискиот потпоручник, Баки-ефендија. Како последица од ова вооружено судрување било затворањето на 27 селани од селата Плешенци, Гризилевци и Пробиштип и нивно спроведување во Скопје, при што по патот биле малтретирани.[13]) На 11 мај истата година, четата на потпоручник Атанасов и на Славчо Ковачев, воделе борба со турски аскер кај с. Луково.[14]) На 11 јуни 1903 година четите на Диме Стојанов — Берберчето и С. Атанасов воделе борби кај селиштето Ратковица. По повод на овие настани имало масовни затворања на луѓе од Кратовската каза. На 22 и 24 април биле затворени повеќе лица од Кратово, Злетово и Лесново. Меѓу затворените лица бил кметот на Злетово Дане Аџиски Димитров, Славко Абазов, татко му Анастас, како и двајцата учители од селото. Од кратовци биле затворени Јован Шатев и Павле Шатев. Нешто подоцна, на 27 април, биле затворени уште 10—15 селани

---

[10]) Гьорчо Петровъ, Спомени, страна 174.

[11]) Мартулков, цит. дело, страна 108.

[12]) Љубен Лапе, Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Скопје. 1954.-Извештај на Мил. П. Куртовиќ, генерален консул во Скопје, до мин. на надв. работи-Сима Лазиќ, П. П. бр. 389, Скопје, 10 март, 1903. Во овој извештај се споменова донасање пушки во Злетово.

[13]) Пак таму, страна 208.

[14]) Пак таму, страна 217-218.

од Злетово и Лесново, а меѓу нив и лесновскиот првенец Мите Ацијски, бидејќи власта открила во овие села 30—50 пушки.[15])

Дека ситуацијата била мошне напната и сериозна може да се заклучи и од телеграмата што скопскиот митрополит Синесија ја испратил до архиерејскиот намесник во Кратово, во април 1903 год., во која го известува дека дознал оти некои „лоши луѓе“ имале намера да го бунтуваат народот од Румелскиот вилает во времето на претстојните празници (секако велигденските — А. А.). Во телеграмата митрополитот апелира „да се пази на тие луѓе да не би да се случат непожелни за Царството работи“.[16])

Можеби ако се решеше да се крене востание и во Скопскиот округ, Кратовско ќе земеше видно учество, имајќи ја предвид создадената ситуација пред Востанието. За да претполагаме вака, ни дава повод и фактот што тогаш имало барање оружје од страна на помлади луѓе од Кратово за да се кренат на востание, но окружниот војвода Никола Пушкаров им рекол „да не востануваат, а да чекаат штом ќе преминат многу чети за Прилепско, тогаш да се кренат и тие (божем „по планот“)“.[17]) Очигледно, со ова требало да се почитуваат решенијата на Организацијата — востание да се крене само во Битолскиот револуционерен округ.

## II

### Оружени судрувања со Турците во текот на Илинденското востание

На 4 август, два дена по објавувањето на Востанието, четата на Никола Пушкаров се судрила со турскиот аскер кај Ѓуришкиот манастир (на границата меѓу Кратовско и Светиниколско). Во борбата која траела 17 часа, биле убиени 4 четници и 50 турски војници.[18]) По ова прво вооружено судрување во востаничкиот период, ќе се случат уште неколку такви во Кратовската каза, коишто ќе имаат тешки последици за народот од овој крај. Така, на 25 август 1903 година, кај селото Луково (на 2 часа југоисточно од Кратово), четите на Никола Дечев и Мурџев, на број 152 четници, водела 5 часа борба со турскиот аскер. Во оваа борба загинале 8 четници.[19]) Само 4 дена

[15]) Пак таму,. За слични апсења и во други села во април се зборува во конзулски извештај и на страна 201. Таму стои дека учителите од Плешенци, Шлегово и еден учител од Кратово, за да не бидат затворени избегале во четите. Учителот од кратово бил Глигор Манасиев.

[16]) Државен архив на СРМ, Скопје, Фонд Кратовско архиерејско намесништво, дело $20\frac{3}{1}$-телеграма

[17]) Движението отсамъ Вардара, страна 188.

[18]) Ангел Динев, Илинденската епопея I, София, 1946, стр. 368.

[19]) Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония I, София, 1933, страна 353. Спореди: Ангел Динев, цит. д. стр. 368. Според Динева востаничките чети во оваа борба биле предводени од Дечев (во текстот стои погрешно Делчев), Т. Мурцев, Славчо Ковачев и Атанас Бабата и броеле 108 четници. Против нив се бореле 7.000 турски војници. Во борбата загинале 8 четници и 31 турски војник.

подоцна, на 29 август, во полите на планината Плавица (јужно од Кратово на 45 минути далечина), кај селото Шлегово, четите на Атанас Бабата и на Славчо Ковачев, на број 90 четници, воделе борба со 1.500 турски војници. Борбата траела 14 часа. Во оваа борба загинале 3 четници, а 1 бил фатен жив, додека од турска страна загинале 6, а биле ранети 6 војници. Според извештајот на српскиот конзул во Скопје, Мих. Ристиќ, овие чети „имале намера да го кренат Штип".[20])

Во еден опширен извештај од кратовскиот архиерејски намесник, испратен до митрополитот во Скопје, Синесија, за оваа борба изнесени се и поединости. Во извештајот, меѓу другото, стои дека кај планинската и скалеста месност „Плавица", на 29 август, уште во зората, била забележана „некаква востаничка чета". Таа, според овој извештај, била забележана од тамошните стражарници (турски — б. м·) и веднаш против неа тргнала војската од Кратово, а на помош на оваа придошле војски од Штип, Куманово и Кочани. Борбата траела од 2 часот наутро, па до 5 часот попладне. Потерата од Кратово убила близу до Шлегово, кај месноста „Петрово", двајца шлеговци: Досе Давитков и Мите Колев, а стрелала и против селанецот од истото село Јорде Досев, којшто паднал убиен неизвесно каде. Војската ги изгорела сите куќи, племји, трла и колиби во околината. Како последица од оваа борба завладеал ужасен терор во Кратовско, а секое соопштение и движење скоро биле прекратени, а само по цена на животот човек можел да излезе надвор од градот или селанец надвор од селото.[21])

Во средината на септември (на 12 или 15 ден) 1903 година, пак кај селото Луково била водена најжестока и најкрвава борба, во овој период и на овој терен, меѓу четите на Никола Дечев и Глигор Манасиев, учител од Кратово. Во борбата загинале и двајцата војводи и преку 20 четници, меѓу кои и пољакот Јулиј Розентал, студент. Четите биле разбиени, а нејзините остатоци се повлекле во Бугарија.[22]) Во текот на оваа борба и по неа, турските војски наполно го изгореле селото Луково, разграбале дел од добитокот и ја уништиле храната за луѓето и добитокот. Немајќи од што да живеат и каде да се засолнат во претстојната зима, селаните од ова село оделе во Кратово, или во околните села за да „питаат", па така „гладни и оголени, жал да му е на човека да ги гледа". Двајца од селаните отишле дури во Скопје за да се поплачат на митрополитот Синесија, а тој ги вратил обратно, откога им дал 2 бели меџедии за пат и 5 лири турски што

---

[20] Љубен Лапе, Извештаи. Извештај на Мих. Ристиќ од 15-IX-1903; Илинденски зборник 1903-1953, Скопје, 3953, страна 85. Види и А. Динев, цит. д. страна 368.

[21]) Државен архив на СРМ, цит. фонд, дело $20\frac{13}{12}$

[22]) „Илюстрация Илиндень", год. III, книга 9, София, 1930. За ова види и Мартулков, цит. д. страна 79.

требало да ги предадат на Општинскиот совет за да ги распредели на најзагрозените од селото.[23])

Кога требало селото Луково да се обнови од државата „само на бегот се прави добро (т.е. се обештетува, зошто Луково било чифлик — б. м.), а на селаните не им се плаќа волната, житото, маслото и сета покуќнина."[24])

На 23 септември четите на војводите Бобе Стојчев и Сандо Георгиев воделе борба со турската војска кај селото Горни Стубол, при што исто така страдале селаните од околните села. Ова е последна поголема борба во текот на Илинденскиот период во Кратовско.

Селаните од овој крај, во текот на овие настани, ги снабдувале со храна четите од својот реон, како и оние што поминувале на пат за Битолско или обратно[25]) и учествувале со оружје во рака, за да им помогнат на четите кои се бореле. Во тие борби или од турските зулуми паднале десетици селани, а бројот на затворените бил уште поголем.

## III

## Последици

Од секако непотполните податоци, со кои располагаме, се гледа дека во време на Илинденското востание во Кратовската каза биле убиени 20 луѓе од населението. Според архивските документи, тие убиства станувале од 20 јули до 19 ноември 1903 година „во време на секој ден и ноќ".[26])

Во текот на истиот период од Кратовско биле затворени и претепувани стотици луѓе. Според едни податоци, од нив 140 мина биле затворени во кратовскиот затвор[26]а), меѓу кои биле и познатите за тој крај револуционери игуменот Козма и поп Трајко од с. Шопско Рудари, а од нив биле испратени 69 лица во скопскиот затвор и по едно лице во солунскиот и призренски затвор.[27])

Грабежи и насилствата од секаков вид постојано биле вршени од турските војски кои се наоѓале на теренот за борба против револуционерните чети. Установивме дека во овој период се ограбени 56 домаќинства и едно училиште. Според еден список, вредноста на ограбените предмети и причинетите штети на домаќинствата (без да

---

[23]) Држ. архив на СРМ, цит. фонд, дело, $20\frac{7}{1}$ бр. 1487 од 26-IXI-1903 од Скопскиот митрополит до архиерејскиот наместник-Кратово.

[24]) Пак таму, Извештај од архиерејскиот наместник во Кратово бр. 294 од 18 октомври 1903 година, дело 8.

[25]) „Илюстрация Илиндень", год. III, кн. 8, София, 1930, стр. 2. На оваа страна е поместена фотографија од која се гледа како колискиот војвода за Кратовско-Атанас Бабата врши реквизиција на храна за четите.

[26]) Држ. архив на СРМ, цит. фонд, дело 20.

[26]а) Пак таму, дело $20\frac{2}{}$.

[27]) Пак таму, дело, 21.

се сметаат изгорените куќи) изнесувала сума од 32.695 гроша. Ни поголемите места од казата не биле поштедени од грабежите. Злетовското училиште било ограбено и инвентарот уништен. Штетата изнесувала 15 турски лири.[28]) Во градот Кратово биле ограбени лицата: Константин Чукчуков, а вредноста на ограбената стока била пресметана на 28 лири[29]); на Михаил Хаџи Димитров аскерот му ограбил пари и предмети во износ од 614 гроша, додека на Алекса Јовчев му ограбиле 4 турски лири, 20 бели меџедии и предмети во вредност од 400 гроша.[30])

На 6 и 7 ноември 1903 година бил ~ошен претрес во куќите на овие кратовци: Стр. Петров, Игнат Монев, Тасе Наумов, Васил Кондов, Алекса Атанасов, Игнат Златков и Поце Шатев. Сите овие луѓе биле притворени, но отпосле пуштени, додека бил задржан само Стр. Петров кај кого нашле шифровано писмо што на грбот било дешифрирано.[31]) Лицето Нако Стојанов, од с. Нежилово, сред бел ден и во среде градот било тепано од илаве-аскерот, при што му го зеле ќесето со 40 гроша.[32])

Во еден извештај од архиерејскиот намесник во Кратово — Димитрија, се наведуваат имињата на 5 жени и тоа од с. Плешенци 3, од Шлегово 1 и од Опила 1, кои биле „изнасилувани од аскерот до изнемоштеност".[33])

Зулумите во Кратовско продолжиле и во текот на октомври. Како последица од нив замрела трговијата во градот и другите стопански дејности, зошто дури кон средината на овој месец се осмелиле да дојдат на пазар во Кратово само 10—15 селани, бидејќи „војниците ниту ги слушаат своите офицери, ниту царот го „припознаваат", туку сами скитаат низ Казата".[34])

Наставата во училиштата била прекратена, а учителите особено страдале, „та сите се повлекле во градот (Кратово — б. м.)".[35])

Изгледа дека и Лесновскиот манастир бил ограбен, бидејќи и во неговата непосредна близина се воделе борби. Игуменот на манастирот, Дамјан, бил фатен од аскерот во с. Стрмош (каде што манастирот имал свој чифлик — б. м.), тепан и спроведен во Кратово „зошто

---

[28]) Пак таму, дело 20.

[29]) Пак таму, дело, 20.

[30]) Пак таму, дело $20\frac{29}{1}$

[31]) Пак таму, дело $20\frac{50}{2}$

[32]) Пак таму, дело $20\frac{1}{}$

[33]) Пак таму, дело $20\frac{1}{}$. Писмо бр. 291 од 11-X-1903 година.

[34]) Пак таму.

[35]) Пак таму дело, $15\frac{2}{1}$

имал врски со комитите", според исказот на манастирскиот момок Тодос, којшто пред тоа бил тепан и „под конвој отеран за Скопје".[36]) И покрај големите имоти, голем број добиток и други приходи што манастирот ги имал во тоа време (а за кое има податоци во користениот архивски фонд), тој, во 1904 година западнал во сиромаштија. Неговиот игумен Козма (спомнатиот веќе револуционер и брат на затворениот игумен Дамјан), во едно писмо го моли „Општинското управление" од Кратово да му позволи на еден од манастирските калуѓери „да обиколи неколку села, како и да побара одобрување од софискиот митрополит да ги посети македонските работници во Бугарија" за да собира милостиња „зошто манастирот сега е во сиромашна состојба и нема приходи да се издржува".[37])

Дека навистина населението од овој крај пострадало во поширoки рамки и му била потребна итна помош, може да се заклучи и од писмото на скопскиот митрополит упатено до архиерејскиот наменик во Кратово. Во писмото митрополитот „се надева дека „добродејателни луѓе" ќе му притечат на помош со својата лепта на пострадалото наше паство од грабежи, насилства, пожари, убиства и сл." и затоа бара да му се испратат списоци на најзагрозените од Казата луѓе.[38])

## IV

### Заклучок

Од дотука изнесеното може да се заклучи дека Кратовско го даде својот придонес во борбата на македонскиот народ што ја водеше во текот на илинденскиот период. Народот се притечуваше на помош на револуционерните чети што водеа борба во кратовскиот реон и даде приличен број човечки и материјални жртви, макар што му се нaредуваше „од горе" да мирува". За овој свој придонес Кратовско му должи на правилниот став што во овој период го имаа неговите револуционерни раководители во лицето на војводите Атанас Бабата, Јордан Спасов и Јордан Сакулички, како и на учителите и другите револуционерни сили од реонот.

Во Кратовско се беше создала цврста група на централисти во лицето на гореспомнатите револуционери, коишто обезбедуваа непречено преминување на четите за Битолско и обратно. Така, во првата половина на август, низ Кратовско помина со чета Ѓорче Петров одејќи за Прилепско, без да биде откриен од Турците и запрен

[36]) Пак таму, дело $20\frac{2}{}$. Писмо бр. 289 од 11 октомви 1903 г од Архиерејскиот наместник-Кратово, митрополитот-Скопје.

[37]) Пак таму, Дело, 8. Писмо бр. 99 од 12 јули 1904 год.

[38]) Пак таму, дело $20\frac{8}{1}$ Писмо бр. 1538 од 30 септември 1903.

[39]) Пак таму, дело 21. Поплаки праќани преку скопскиот митрополиг со писмо бр. 54 од 28-II-1904 година.

на својот пат низ овој реон. Можеби оваа релативна сигурност беше решавачка токму во Кратовско да се одржи Скопскиот револуционерен конгрес во почетокот на јануари од 1905 година, на кој беа донесени важни решенија и од економски карактер. Конгресот работеше неколку дена наполно обезбеден од изненада, зошто неговата безбедност му беше доверена на кратовскиот војвода Атанас Бабата.

Но врховистичките посегања, што подоцна се засилија во Македонија, не го поштедија ни Кратовско. По загинувањето на Атанас Бабата во 1905 година, којшто решително им се спротивставуваше на врховистите[40]) тие ги насочија своите акции а над другите централистички приврзаници од овој крај. Така, во почетокот на 1908 год. по наредба на Тодор Александров, на грозен начин беа убиени спомнатите кратовски војводи и другари на Бабата, Јордан Спасов и Јордан Сакулички. Истата година, на 24 мај, беше отруен од врховистот Стојчо Трошчев основачот на првиот „Револуционерен кружок" во Кратово, учителот Јосиф Даскалов. Таа, 1908 година, беше пресудна за револуционерната борба во овој крај, зашто тогаш преовладеаја врховистичките елементи предводени од Тодор Александров, којшто со своите подоцнешни акции ја компромитира чистата борба што народот од овој крај ја беше започнал меѓу првите.

А. Лаиновиќ

## СТОКОВИОТ ПРОМЕТ НА СРБИЈА И АВСТРО-УНГАРИЈА ПРЕКУ СОЛУН ПРЕД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

Да се проучи прашањето — по пат на статистичките податоци — за извозниот и увозниот промет на трговска стока преку Солун што се извршувал од балканските држави и Австро-Унгарија, значи мошне појасно да се согледаат причините за политичката активност на тие држави за прашањата на тн. балканска политика и сите оние бурни настани на кои Балканот долго време им беше крвава човечка сцена. Воочливо е, меѓутоа, дека за така важното прашање, кое се поставуваше и решаваше во условите на конкурентските спротивности на капиталистичките држави, во нашата современа историографија нема поопширни научни трудови, иако за тоа постои изобилство од податоци и во архивскиот и во публицистичкиот материјал. Во прв ред тука се службените трговски документи и податоци за економската политика на сите заинтересирани држави за балканскиот пазар, неговиот економски потенцијал и Солун како извозно-увозно пристаниште. Посебно значење за ова прашање претставуваат архивите на трговските претставништва и агентури, приватните трговски претпријатија

---

[40]) Мартулков, цит. дело, страна 133-134. На ова место Мартулков раскажува како Атанас Бабата го спасува во последен момент војводата Бобе Стојчев кој што требало да биде егзекутиран од штипскиот војвода Мише Развигоров.